СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 1997 година

Скопје, февруари 1997 година

**ПЕДЕСЕТ И ДЕВЕТТА (59) СЕДНИЦА - I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 19.II.1997 ГОД.**


| | |
|---|---|
| 1. АБДУМЕНАФ БЕЏЕТИ (министер за развој) 25 | Т.7-стр.1 |
| 2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 28, 31 | Т.8-стр.2 |
| 3. АБДИ ФАИК 40 | Т.9-стр.4 |
| 4. КАРОВ ЗВОНКО 11 | Т.10-стр.5 |
| 5. МАЛИНСКА ПЕРСИДА 35 | Т.11-стр.7 |
| 6. МЕШКОВ ЉУПЧО 57 | Т.12-стр.8 |
| 7. НАУМОВСКИ ВАНЕ 19, 21 | Т.13-стр.10 |
| 8. ПЕТК0ВСКИ ТИТО (претседава со седницата) 1 | Т.14-стр.15 |
| 9. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 31 | Т.15-стр.17 |
| 10. РАМАДАНИ ХИСЕН 39 | Т.17-стр.45 |
| 11. РАМАДАНИ ИСМЕТ 43 | Т.18-стр.45 |
| 12. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 17 | Т.19-стр.46 |
| 13. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 55 | Т.16-стр.47 |
| 14. ТАНТАРОВ ВЕЉО 48, 53, 55 | Т.20-стр.56 |
| 15.ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ (ја води седницата) 53 | |
| 16. ФИТИ ТАКИ (министер за финанси) 13 | |
| 17. ШАПУРИЌ ЗОРАН 23 | |


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 1997 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Јане Ангеловски, Благоја Стефановски и Димче Настоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претресот по 7-та точка, Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за поттикнуваше и заемна заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

Бидејќи го завршивме претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија, за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.

Кој е за, молам да крене рака? (56 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Германија за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.

Минуваме на **точка 8** - Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за меѓународен патнички и товарен сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за меѓународен патнички и товарен сообраќај.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за меѓународен патнички и товарен сообраќај.

Минуваме на **точката 9** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА, Европска компанија за финансирање на железничкиот возен парк и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА Европска компанија за финансирање на железничкиот возен парк, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени,

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за ратификација на Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА, Европска компанија за финансирање на железничкиот возен парк и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА, Европска компанија за финансирање на железничкиот возен парк и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА.

Минуваме на **точката 10** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македонската Влада и романската Влада за трговска и економска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македонската Влада и романската Влада за трговска и економска соработка.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу македонската Влада и романската Влада з трговска и економска соработка.

Минуваме на **<u>точката 11</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за царинска соработка и взаемна помош, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за царинска соработка и взаемна помош.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за царинска соработка и взаемна помош.

Минуваме на **точката 12** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (75 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

I/10.-

Минуваме на **точката 13** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?(74 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа,

Вообичаено е кога Собранието ратификува вакви спогодби обично да не се отвора расправа по истите. Мислам дека треба неколку зборови да се кажат од претставниците на Владата некои поконкретни укажувања во овие спогодби од типот на Спогодбата за поттикнување и заштита на инвестиции или од типот на трговска и економска соработка. Тоа не е укажано. Мислам дека треба неколку зборови д се кажат.

Евидентно е дека потпишувањето на спогодби од ваков тип, од типот на поттикнување и заштита на инвестиции и економска и трговска соработка посебно со високоразвиените земји е евидентна работа и евидентни се напорите што последниве години се прават во тој правец. Мислам дека потребно е и логично, а и разбирливо ваквите иницијативи да потекнуваат од наша страна, афирмирајќи ги нашите определби за отвореност, за соработка, за пазарност и нашата ориентираност кон пазарни механизми и соработка со другите земји. И, логично е тоа да превагне, а да не превагне она дека овие спогодби се потпишуваат поради тоа дека мора да се потпишат, поради нашите барања за асоцирање во тие европски земји и асоцијации и тн.

Мислам дека треба да се укаже дека со самото потпишување на ваквиот тип на спогодби Владата и државата воопшто веќе ги изанализирала и оценила состојбите и можностите на земјата, последиците, позитивните и негативни ефекти и тн.

Бидејќи се работи за еден сериозен начин на преиспитување на постојната регулатива, мислам дека е потребно од наша страна да се вложат големи напори за подготовка и примена на една поширока лепеза

на регулатива од мерки што ја регулираат економската и правната сфера за да може практично да профункционира ваквиот тип на спогодби.

Самата Спогодба што го регулира прашањето на поттикнување и заштита на купување на подвижни и неподвижни работи, самото поттикнување и заштита за купување на удели во трговските друштва, паричните побарувања,заштита на паричните побарувања, посебно концесиите околу истражувањето и експлоатацијата, посебно прашањето на одобрување на самите инвеститори и инвестиции, третманот на домашниот и странскиот инвеститор, самото обесштетување и споровите околу примената и толкувањето на овој вид на спогодби, мислам дека значи една сериозност што треба со сета сериозност да се сфати од наша страна бидејќи самата примена и толкувањето на овие спогодби, самото настојување тие практично да профункционираат, треба да даде одговор дали во овој момент нашата- земја има само желба за такви соработки посебно со високоразвиените земји да се интензивираат или ќе се заврши само на чинот на потпишувањето.

Да не должам многу, со еден збор да кажам дека самиот чин на потпишување на спогодбата е позитивен чекор. Меѓутоа, следните чекори какви ќе бидат ќе зависи пред се од нас во спремноста на практичното профункционирање на она што го регулира спогодбата.

II/1.- ДВ/ЉР

**ТАКИ ФИТИ:**

Бидејќи г-динот Каров покрена некои од прашањата, еве само една куса информација, повеќе заради ваши сознанија како оди целата постапка што е суштината на ваквиот тип на спогодби.

Вие знаете дека во последно време РМ склучи спогодби за взаемна заштита и заемно поттикнување на инвестициите, со многу други земји, особено со земјите со развиена пазарна економија. Фактички овој тип на спогодби се многу значајни бидејќи претставуваат генерална рамка за понатамошни интензивирање на инвестициите односно на капитал меѓу две земји. Тие се вообичаени и такви се склучуваат и меѓу земјите со развиена пазарна економија, а ние како релативно нова самостојна држава мораме тоа да го направиме, бидејќи, како што знаете, дел од овие договори кои досега постоеја и функционираа беа склучени уште во поранешна Југославија.

Она што е најбитно исто треба секогаш треба да се има предвид, тоа е фактот дека овој тип на договори во основа се стандардизирани и како такви, понекакви меѓународни стандарди се потпишуваат меѓу одделни земји. Целта е, инвестициите кои од една земја доаѓаат во РМ да имаат рамноправен третман со националните инвестиции односно инвестициите на национални инвеститори, а исто така целта што сака да се постигне е, обично на странските инвеститори да им се дава не само рамноправен третман во однос на домашните инвеститори, меѓутоа и рамноправност во однос на другите странски инвеститори. Значи ако земјата се обврзе дека на некои странски инвеститори ќе им даде соодветен третман, истиот тој третман, и најмалку таков треба да го обезбеди, се разбира, и во однос на други странски инвеститори, бидејќи сме обврзани, покрај она што го викаме,- најповластена нација. Ние иако уште не сме членки на светската трговска организација го уживаме

третманот на најповластена нација во рамките на ГАТ-спогодбите уште од поранешна Југославија и тоа е многу значајно што то третман го уживаме, Меѓутоа таков третман обезбедуваме, исто така и за сите странски инвеститори, а тие за наши инвеститори кога наши, евентуални инвестиции би пошле таму.

Сакам исто така да кажам дека во право е г-дино Каров ние даваме голема сериозност, пред да дојде чинот на спогодба, бидејќи обично се формираат експертски групи меѓу двете земји, се праќа тој предлог на договор од едната или од другата страна некогаш ние го праќаме предлогот, некогаш тие го праќаат и после тоа дискутираат двете експертски групи на заеднички состанок за спорните прашања.

Исто така сакам да кажам дека честопати се јавуваат спорни прашања што ние ги расчистуваме. Еве сега последниот што беше врзан со Италија, имаше спорни прашања и ние приговаравме на начинот на кој тие сакаат да ја третираат национализацијата, односно експропријацијата, доколку дојде до нужна потреба и слично и се разбира притоа нашите стручњаци ги застапуваат нашите интереси, така да не ги прифаќаме договорите, го расчистуваме се она што треба да се расчисти во тој поглед. Инаку, овие договори, покрај тоа што обезбедуваат рамноправен третман на инвеститорите, обезбедуваат и слобода на трансферот на профитите, значи под земјата во другата земја а исто така и слобода на репатриација на капиталот, ако за тоа има потреба, значи да може инвестицијата и капиталот да го повлече во сопствената земја, ако фирмата заради тоа не успее.

На крајот да кажам уште ова дека тоа е генерална рамка и таа дава гаранција за стопанските субјекти дека, доколку инвестираат во РМ ќе имаат рамноправен третман со останатите инвеститори. Сега само со повлекување на инвестиции, во голема мера зависи, пред се од

стопанските субјекти и до претпријатијата, колку се тие активни на тој план, се разбира од тоа колку Владата ќе успее во тек на времето да изврши промоција на можностите на РМ да се инвестираат во нашата земја. Значи, сакам да кажам дека имаме крајно сериозен пристап во Министерството за финансии. Од кај нас потекнуваат самите договори и додека не ги расчистиме прашањата, секогаш се држиме и на меѓународните норми и на меѓународните стандарди, меѓутоа, исто така, го гледаме комплет конкретниот интерес на македонското стопанство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Минуваме на **<u>14-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка помеѓу Владата на РМ и Владата ана Република Хрватска, во борбата против меѓународната незаконска трговија со дрога и психотропни супстанци, меѓународниот теротизам и организираниот криминал, со Предлог на закон.</u>

II/4.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Вис е доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска во борба против Меѓународната законска трговија со друга и психотропни супстанци, меѓународниот тероризам и организираниот криминал.

Кој е за, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против?(никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска во борба против меѓународната трговија со друга и псхитроптни супстанци и меѓународниот тероризам и организираниот криминал.

Минуваме на **15-та точка** - Предлог за донесување на закон за државната статистика.

Предлогот за донесување на законот, извештаите и работните тела на Собранието Вис е доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Има збор г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани потпретседатели, министри и почитувани колеги.

Предлогот на законот за државна статистика кој денес треба да го донесеме сметам дека е еден од побитните закони за РМ кој на некој начин оваа материја од аспект на статистика и обработка на податоци е многу важен.

II/6.-

Јас во првата фаза не би многу говорел. Тоа ке го направам веројатно во втората фаза со амандмани.

Сега би укажал на неколку работи кој сметам дека се битни и кои би требало изготвувачот на овој текст д аги земе предвид, да ги разглед и доколку смета дека се коректни да ги прифати ид а го воведе во текстот.

Прво, би се осврнал на членот 8 каде што Заводот во реализација на своите надлежности ги врши своите работи. Во тие надлежности што се наведени јас ќе се осврнам на една од нив која вели дека врши услуги за корисници по посебни барања. Ова е така широко формулирана а јас сметам дека тоа ќе треба повеќе да се формулира бидејќи корисници можат да бидат многу институции од државата. Ние знаеме дека Статистика се јавува како државен роган кој во соработка со Собранието и со Министерството за правда го спроведува делот кој се однесува на пописите и изборите.

Сите ние знаеме, и јавноста знае дека списоците кои се работат, списоците за избори а кој ги работи конкретно Државната статистика, а и податоците кои се прават врз база на попис на населението се од првокласно значење. Овој однос, вршење на услуги, ако јас така го разбирам, за корисници, а институции на држави мора да бидат дефинирани, точно одредени и дефинирани со закон како што тоа тече и кој е одговорен за целата таа процедура на обработка.

Сите ние сме сведоци дека за време на изборите, за жал, настанаа некои аномалии околу избирачките списоци и во овој случај не сакам да излезам со негативна конотација. Државна Статистика како орган кој ги изготвува овие списоци, меѓутоа точно треба да бидат дефинирани барателите на услуги, начинот на обработка и држење тајност на податоците кои се обработени и одговорноста на субјектите, доколку

дојде до нарушување на дисциплината на обработката или провалување на одредени податоци од таа сфера.

Во членот 21 се споменува дека Државната Статистика своите годишни извештаи ги доставува до Владата на РМ.

Сметам дека преку целиот текст Собранието на РМ воопшто не се третира како Парламент кој треба сепак да биде известуван за работата на оваа државна институција и сметам дека освен Владата Собранието треба да биде еден од главните корисници на извештаите, годишни, полугодишни било какви извештаи кои ќе се јавуваат во врска со работата на Државна статистика.

Понатаму, во членот 9 вели: "директорот го именува Владата"

Јас лично ќе ви кажам дека Државна Статистика како куќа која е од државен интерес ја споредувам со Државна Телевизија. Ние знаеме дека за такви високи места во хиерархијата на институциите, како што директорот на Македонска телевизија го именува Собранието и тука треба да се размисли дали да се допушти сите тие работи Владата да ги работи.

Предлагам во вој текст повеќе влијание, во било кој однос треба да има Собранието, нормално имајќи во вид дека Владата треба да биде, исто така, запознаена и со извештајот годишен, меѓутоа околу изборот, годишните извештаи, мислам за тоа е надлежен само Парламентот.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред нас е законски проект кој, во секој случај, требаше поодамна требаше да влезе во овие клупи бидејќи е од суштинско значење за една држава, од аспект на се она што се презема во развој на стопанството, културата или севкупното живеење на државата.

Параметрите кои што куќата, која произлегува од овој Закон ги дава, даваат за право да го втемелиме понатамошниот развој поготово карактеристично е тоа во областа на економијата каде податоците искажани во нашите движења, така градиме стратегија и развој за понатамошниот период.

Законот би го прокоментирал неколку аспекти.

Прво, од самото образложение или причини кој треба да се донесе законот стои дека делумно се инволвирани одредбите од принципите на статистиката. Се прашувам сега дали тоа е од причина што Македонија се наоѓа во фаза на транзиција, така да не сме доволно трансформирани во сите области на живеење, па тоа да го примениме или е во прашање нешто друго. Тоа би било мое гледање на работите.

III/1 ПЈ/ПН

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Или, прво, да се навратам од самото име, дали тоа ќе биде Завод за статистика, или по мое мислење Агенција за статистики истражувања. Ова го кажувам од неколку причини. Зборот Агенција или агенциите во суштина се во функција на развојот на одредена држава. Ако Агенцијата за недоволно развиени подрачја, агенција за,трансформација на Агенција за статистички истражувања во секој случај поаѓа или може да најде елементи на некое профитабилно работење да не биде на терет на државата. Поготово, тоа може да се случи од поедини области од вкупното живеење. Дали тоа ќе биде областа на култура, спорт, може да побараат од оваа куќа изработка на податоци или доставување на податоци, кои во секој случај можат да бидат наплатени или таа услуга сторена. Ова како размислување.

Ние имаме фондови. Да кажеме, фондот за вработување. Односно Завод за вработување или Завод за ЗПП. Тоа се услужни куќи и ако оваа куќа така ја гледаме, тоа е сосема нешто друго. А јас ја гледам од аспект како агенција за статистика и статистички истражувања.

Зборот истражување и погледнувајќи го самиот член 3,став 2 јасно кажува дека тоа е подготовка, прибирање и истражување, чување и анализа на тие податоци.

Карактеристичен податок односно член кој може да се коментира се овие членови кои што се дадени со алтернатива, а тоа е членот 11. Тоа е советот. Советот го именува Собранието. Во алтернативата во член 11 не стои кој го именува. За мене е прифатлива алтернативата од проста причина во тој Совет кој го сочинуваат претседателот и 14

членови се личности од севкупното живеење и делување. А не овде, за мене член 11 дава Владата еден претставник Народна банка еден претставник, што ми се чини дека по мое мислење е понеприфатливо, отколку оваа алтернатива.

Алтернатива е даден она член 13 исто така каде што вика "Заводот има свои комисии, алтернативата е совети". Ако е тоа совет, тој н еможе да биде под совети, туку поадекватно е да биде комисии на советот, кои се во функција на она што треба понатаму да се истражува.

Членот 53 за кој претходно малку напомнав за таа работа каде што треба Заводот или ако сакате агенцијата во секој случај да најде учеството на оние кои го финансираат да биде јасно дефинирано, оние што бараат услуги од Заводот за истражување да биде подефинирано како Заводот тоа ќе го наплати.

Да се навратам на уште една работа која ја испуштивме, а тоа е организационата поставеност. Досегашниот Завод за статистика имаше и подрачја колку што мене ми е познато, овде во поглавјето 2 тоа не стои. Дали треба или не незнам, но во секој случај ние треба да знаеме како ќе биде поставен тој во ширина во државата. Во секој случај гледаме дека огромни средства се издвоени и се планираат да се издвојат за модернизација да ја следат технологијата. Во секој случај дека брза и права информација ќе донесе до праведна одлука, носење односно постигнување на одредена стратешка цел. Во ва севкупно наше или динамично време на живеење таквите прави информации, во крајна случаи со веројатност на точност ни се неопходни и затоа се залагам и во градовите тие центри или единици кои ќе дистрибуираат информација до Заводот да се воспостават, така што Заводот да профункционира, следејќи го времето во кое живееме.

На крајот се залагам овој закон да оди во две фази. Мислам дека не е потребна онаа трета фаза, затоа што би изгубиле во време, а во секој случај ни е понеопходен да го имаме што побргу во севкупното делување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Шапуриќ има збор.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата. Овој навидум, за некои незначаен закон е многу важен како што кажаа и претходните дискутанти, пред се, имајќи предвид дека регулира многу важни сфери на општественото живеење. Исто така неоспорна е голема важност на Заводот за статистика, чие работење е регулирано со овој закон. Со оглед на тоа што оваа расправа може и покрај тоа што е прва фаза да заврши без некои додатни појаснувања Јас би го замолил претставникот на Владата да даде некои појаснувања со овој закон, како што се кои концепт е земен при изготвување на овој закон, кои се причините токму за овој концепт, за тој што е земен, бидејќи овде во причините поради кои треба да се наведе законот е наведено сосема штуро дека се користени одредени искуства одредени земји во транзиција, Албанија, Хрватска, Словенија и некои други земји. Исто така е наведено што е сосема логично, бидејќи е нормално до9несување на еден нов закон, поради застареноста на овие прописи.

Исто така се прашувам со оглед на тоа дека сме земја во транзиција дали овој закон има амбиција да биде подолготраен или пак се прави само одреден период додека сме во транзиција бидејќи нецелосно и некомплетно ги уредува сите овие односи.

Од таму, како што кажа и пратеникот Станковски се наметнува дилемата дали Парламентот треба да има односно Собранието на РМ треба да има некои ингеренции врз овој Завод. Дали барем не треба да ги разгледува извештаите на Заводот. Дотолку сево ова би се сконцентрирало во рамките на Владата, Парламентот би бил лишен од информации за работеше на еден важен орган и се прашувам дали можел Парламентот мериторно и компетентно да одлучува, бидејќи не би имал никакви информации во оваа сфера на општествено живеење. Дотолку сите извештаи и севкупен надзор врз Заводот би имала само Владата, би било напросто невозможно Парламентот да биде доволно информиран и да одлучува не само во оваа сфера, туку и за некои важни прашања од општественото живеење.

Оттаму е нужно да се прецизираат овие прашања кои беа укажани кои се функции ќе ги врши, па дури и такстативно да се наведат функциите и недвижностите на Заводот аз да нема забуни

во која сфера има надлежност во која нема во понатамошните фази кои според мое мислење би требало овој закон, со оглед на големата важност и покрај тоа што доста кус да оди во 3 фази, а не во две фази, како што кажа пратеникот Наумовски и покрај тоа што е неопходно итно негово донесување. Бидејќи, според ова што беше кажано и според што може да има доста непрецизности, и недоречености во овој закон.

Се наметнува и прашањето, со оглед на значењето и на одговорноста на Заводот за државна статистика, бидејќи и тој навистина е една важна, можеби еден од најважните органи во државата. Оттаму сметам дека претставникот на Владата би требало да даде дополнителни објаснувања за тоа, уште еднаш да повторам, кои концепт е земен при донесување односно изготвување на овој закон, кои биле мотивите и дали овој закон претставува обид за едно трајно и

долгорочно решение, или само додека, условно да кажам, се наоѓа државата во транзиција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Беџети, министер за развој.

**АБДУМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска пред вас е предлогот за донесување на закон за државна статистика кои сметаме дека е еден од многу важните закони во законската регулатива која ја регулира оваа област.

Од оваа причина Владата истапи кон изготвување на овој закон, можеби и со одредено задоцнување, бидејќи веќе во овие изминати години, изминатиот период знаете дека во примена во оваа област беше преземен законот од бившата југословенска заедница, закон за статистички истражувања, кој беше преземен и со уставен закон во примена на РМ во овој транзиторен период само да се надминуваат регулирањата во оваа област.

Од оваа причина се пристапи кон нормална процедура кон изготвување на овој закон, т.е. законот да си оди во нормални фази на изготвување.

Во причините кои се наведени уз предлогот аз донесување на закон наведени се само тие основни причини кои што се образложуваа тука, а меѓу кои поважно е тоа што нормално го предлагаме донесувањето на овој закон од проста причина, бидејќи дојде до одредена промена на општествено - политичкиот, па и економскиот живот и поредок во државата.

Понатаму, знаете дека и со Уставот на РМ се пропиша обврска за обработка и посебен третман на личните податоци на обработка и

посебен третман на личните податоци на поединците, поради што и нова регулатива треба да ја регулира оваа област, т.е. заштитата и обработката на категоријата на личните податоци.

Исто така, со овој предлог на закон се инволвираат новите принципи, новите начела на статистичките истражувања, виза ви новиот општествено - политичкиот па и економскиот поредок на државата. Инаку, од оваа и многу други причини пристапивме кон изготвување на овој закон, кој што деновиве беше во собраниска процедура во прва фаза беше разгледуван од соодветни собраниски тела ги добивме извештаите од собраниските тела, поточно од Комисијата за труд и социјална политика, ЗПК, и Комисијата за стопански развој. Ќе ги има сите укажувања предвид, во овие материјали кои што комисиите ги додадоа и Владата во понатамошната фаза ќе гледа да ги инкорпорира во законот кој ќе биде предложен за донесување на закон, со предлог на закон.

Нормално овде се покренало прашањето дали се смета овој закон ќе треба да трае во пократок рок или оваа област треба да се регулира во подолг временски период. Секако, тука имаме предвид донесување на законско решение, кое што ќе биде од долгорочен карактер, не само да надминува односно да ја регулираа оваа област, во еден краток период, во таканаречен транзиторен период, туку едно законско решение, кое што секако ќе ја регулира областа во подолг рок. Нормално, како секој закон ќе има потреба во одредени области и да се интервенира во понатамошната примена на законот таму каде се цени дека законот во пракса прикажува одредени слабости во својата примена.

Инаку, при изготвување на овој закон се имаа предвид неколку концепти на законот. Во други држави основно ни беше концептот од

Законот за државна статистика на Словенија и на Швајцарија. Овие беа два основни модела врз кои ги конципиравме овој закон и нашите решенија предложени во овој закон со специфичностите во РМ се прилагодени кон нашите прилики.

Во самиот предлог на закон гледате дека имаме одредени алтернативи кај одредени области, било тоа во организационата поставеност во органите на државната статистика виза ви нивниот избор, надлежностите на државната статистика. Исто така има одредени алтернативи виза ви советот на државна статистика, кои ги именува раководителите на државниот завод за статистика и тн. каде што останале со одредени алтернативни решенија, кои што исто така Владата во понатамошната постапка ќе ги има предвид и укажувањата што беа во ова Собранието од поедини пратеници и укажувањата на собраниските тела за да ги докомплетира и следниот предлог на закон да биде и без одредени фалтернативи. Во секој случај како во прва фаза Законот мислиме дека регулира една многу значајна област и како таков е една новина ви за ви досегашниот закон кој што ја регулираше оваа област. Во законот е содржан не само организационата поставеноста на државната статистика односно ан државниот орган, туку и децидно наброени надлежностите, начинот ан финансирање на законот, управувањето на државната статистика и други области важни во оваа сфера. Секако, дека ќе бидат и добронамерни вашите понатамошни сугестии во понатамошните фази на законот, кои што Владата ќе ги има предвид при комплетирање на предлогот на законот аз државна статистика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, вклучувајќи се во расправата по предлогот за донесување на закон за државната статистика ќе кажам неколку мои забелешки по однос на законот се со цел да се подобри содржината на законот кој што треба да го донесеме во наредниот период.

Имено, станува збор за област која е многу важна и која ако малку навлеземе повеќе во суштината можеме да кажеме дека претставува едно подрачје кое е многу важно за нашето битие. Заправо, станува збор за закон кој што ги евидентира сите појави за кои нашата држава, нашето општество е заинтересирано. Токму од тој аспект мислам дека законот треба да пружи можност сите тие појави што подобро да се евидентираат се со цел повеќе да му служат на нашето општество.

Овој закон претставува основа односно податоците кои можат да се обезбедат преку овој закон претставуваат една добра основа како може да го организираме животот понатаму. Од тој аспект ќе изнесам само неколку забелешки, некои други ги кажаа во Комисијата, а некои тука ќе ги изнесам. Станува збор за помали забелешки кои се однесуваат на законот, а тоа се во врска со член 3 на законот став 7, а тоа е поврзано со член 57 каде што се, со член 38 по однос на заштитата на индивидуалните податоци.

Најпрво ќе кажам по однос на член 5, а понатаму ќе се осврнам на другите мои забелешки. Основна моја забелешка определба е она што е предвидено во член 5, каде што се зборува за организационата поставеност на државната статистика сметам дека право за да се бави со одделни статистички истражувања во нашата држава треба да се даде и на научните институции. Ова го кажувам од причина што

определбата да се и научните институции бават со одредени статистички истражувања мислам има основа ако се има предвид дека се работи за научни подрачја, за кои можеби државната статистика не е заинтересирана. Од тој аспект мислам дека на научните институции како што се наведени овие другите институции, кои што се елаборирани во членот 5, став 2 на предлогот аз донесување на закон, мислам дека би требало да можат и научните институции. Тоа го кажувам од аспект на тоа што методологијата за која ќе бидат заинтересирани научните институции да можат да се бават со одредени истражувања може да се разликува од методата со која се служи државната статистика. Од тој аспект мислам дека треба да се даде таа можност на научните институции да можат да се бават со статистички истражувања.

По однос на член 7 би кажал дека во законот, иако министерот кажа малку меѓутоа јас мислам дека е недоволно тоа кажано по однос на организационата поставеност на заводот за статистика мислам дека такви одредби треба да има повеќе во законот, од причина што во преодните одредби таму се зборува дека директорот ги донесува тие акти, но мислам дека организационата поставеност треба делумна да биде зацртана и во законот. Особено, кога станува збор за статистиката, во единиците на локалната самоуправа. Ние сега сме сведоци дека таа статистика можам да кажам, јас зборувам аз Дебар, дека недоволно функционира, односно недоволно пружа податоци за општината во споредба со она како таа обезбедува податоци во поранешниот период.

Од тој аспект мислам дека треба да се настојува таа организациона поставеност да биде наведена и во законот. Значи, во

единиците на локалната самоуправа да биде наведена и во законот. По однос на прашањето на чувањето односно заштитата на индивидуалните податоци, а што се индивидуални податоци тоа е речено во членот 3, став 7 мислам дека недоволно е направен и заштита на индивидуалните податоци. Тоа од аспект јас уште на почетокот кажав дека статистиката е многу важно подрачје на нашето живее и тој аспект мислам дека статистичките податоци односно индивидуалните податоци треба да се во голема мера заштитат

Што се однесува до ова прашање мислам дека треба да ни служи она што имав сознание дека на пример во Америка кога оди статистичарот да добие некој податок, оние што даваат податоци прво му поставуваат прашање зошто ги бараш тие податоци. Доколку одговара дека податоците се за статистика кажува точен податок. Додека ако кажам дека не го прават финансиските органи тогаш даваат сосема други податоци.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**: (Продолжение)

Сакам да кажам дека статистиката е многу важна и многу битна и од тој аспект треба да се заштитат тие индивидуални податоци. Ако имаме поголема заштита тогаш и податоците ќе ни бидат пореални.

Мислам дека по однос на алтернативите, на понудените алтернативи во законот има гледања и по однос на основните решенија и по однос на алтернативните решенија. Мислам дека од Собранието и од дискусиите ќе произлезат тие што се поисправни. За мене се можеби едни, но за други се други, па оставам тоа да биде она што ќе се предложи со Предлогот на законот.

Благодарам.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Јас незнам, сега, претпоставувам дека министерот, во својство на учесник во расправата се јави и затоа после него расправаме или еве инаку е малку непријатна ситуацијата.

Бидејќи многу се кажа јас би се ограничил само на два аспекти на овој закон за кој мислам дека треба да се размисли во втората фаза, да се земат во предвид некои елементи.

Прво, ова е закон за државната статистика иако од законот произлегува и особено од одредбите на законот кој регулираат како државната статистика се уредува во РМ, дефакто произлегува дека 99% од законот е дефакто закон за Заводот за статистика на РМ. Токму од тие причини јас би се задржал , со оглед дека некои прашања и се елаборираа повеќе на член 5 од законот и тој член 5 би го погледал во поинакво светло. Од член5 понатаму не произлегува елаборација која

упатува на суштината на член 5 особено на суштината на вториот став на член 5. Значи, законот и понатаму се држи за Заводот за статистика иако член 5 став 2 укажува дека одделни истражувања во рамките на своите надлежности ги спроведуваат и другите органи на државната управа, институции кои вршат платен промет, фондови, заводи и т.н. иако со нивните закони нешто се уредува.

Зошто го кажувам ова? На пример, тука можеби треба да се спомне и Народната банка на Република Македонија, дали спаѓа во овие институции кои се набројани овде, незнам. Можеби треба да се спомне како една од институциите кои спроведуваат исто така статистички истражувања во својот делокруг. Зошто го кажувам ова? За нас како за држава, па ако сакате и есгментарно за Владата, за Собранието, овие податоци се, иако некој овде ги окарактеризира со разни значајни, многу значајни и т.н,. се податоци кои се по мене клучни. Видете, и Владата секогаш својата политика во одделни сегменти која е зависна на податоците, ја заснова на одредени истражувања во минатото и на одредени проекции во иднината. Што значи дека одредени податоци дефакто служат за сите нас како некаква ориентација за дефакто животот во РМ во одредени сфери, економскиот живот и другиот живот. Така да целината на податоците ќе може да не ориентира или дезориентира во водењето на политиката, па дури во донесувањето на законите во конкретните мерки на спроведувањето на законите. Како тие закони делуваат најчесто ги утврдуваме како макроекономски, најчесто преку статистичките податоци особено на Републичкиот завод за статистика.

Инаку јас размислувам дали во законот треба да се употребува поимот, сега ова, попатно го кажувам, Завод за статистика на Македонија. Ние почнавме во овие закони државното уредување да го

ставаме кај сите институции што не е во светот, ни било кај нас до пред неколку години својство, Народна банка на Македонија, и т.н. , па и овде, овде можеме да почнеме поинаку, со поинаков ред. Сакам да укажам дека координацијата на Републичкиот завод за статистика со субјектите спомнати во член 5 став 2, ако не може да биде директна заради различна надлежност, тогаш мора да биде малку координирана. Јас сега не можам да кажам не сум во својство на оној кој го предлага законот, меѓутоа ние како пратеници често се судруваме со состојба да за одредени, може и да ги документираме и тие, што мислам дека е сосема и релевантно во овој момент, добиваме од различни институции во државава кој се со закон овластени да вријат статистички истражувања различни показатели за одредени, пред се состојби или движења во државата. На пример се случувало Народна банка на РМ, Заводот за статистика да не се со ист податок за одредена економска состојба, за која двата субјекти вршат, претпоставувам, претпоставувам,одделни истражувања или врз основ ана различни методологии. Дури се случувало Вие знаете и на говорница беше изнесувано во претходниот состав дека дури и за податоци како што се физички обем на производството, па дури за општествен производ различни проценки, различни податоци и т.н така да сметам дека овој член 5 треба во законот да најде по соодветна елаборација. Ако е веќе закон за државна статистика, во него да се упатат субјектите, дури мислам дека не би било анахроно во законот субјектите по име и презиме да се упатат на своевидна соработка во сферата на државната статистика. Дали е тоа во рамките на Заводот или координирано од Владата, меѓутоа неколку институции мора да соработуваат.

Особено се преплетуваат податоците од финансиската сфера врз основа на кој се засноваат и други податоци во државата на различен начин. Мислам дека таа работа треба да се заврши.

IV/4.-

Второ, извинете, иако можеби не е местото во овој закон, меѓутоа треба да се потенцира дека, сега знаеме како беше поставена статистиката, се надевам дека не грешам, во поранешната наша држава, по обратна вертикала, незнам на што се должи, меѓутоа имам впечаток дека во последните неколку години сеуште не се стабилизира статистиката во Републиката, не само Републичкиот завод за статистика, не зборувам за Републичкиот завод за статистика, зборувам за статистичките податоци во РМ кои веќе не можат да послужат како навремени податоци и информации врз основ ана кои државата, без разлика дали е тоа Собрание, Влада или министерства, ќе водат соодветна политика, пред се, економска политика. Значи тие податоци почнаа многу да задоцнуваат, да доаѓаат во период кога веќе не се актуелни за водеше на политика, туку се актуелни само за статистички истражувања и други утврдувања на трендови. Меѓутоа, не и за водење на соодветната политика. на пример ние веќе и дефакто не можеме да разговараме,или пак ние не ги добиваме или ги добиваме со големо задоцнување податоците за увозот, за извозот, по вредност, по структура со толку големо задоцнување, да дефактно немаме соодветен увид или го имаме со многу големо задоцнување и мислам дека тука се направи еден процес на чекор station наназад во однос на поранешната ситуација.

Иако не е место во законот за тоа да се расправа, меѓутоа произлегува од законот дека некои податоци сме заинтересирани да ги имаме побрзо, особено како државни органи. И затоа претпоставувам дека и за Владата не би било анахроно да размислува во Буџетот доколку е од финансиска причина ваквото доцнење, да размислува за соодветни системи на прибирање и обработка на информациите не само во Заводот за статистика, претпоставувам во царинската служба, во банките, во Народната банка во Заводот за платен промет и кај другите државни институции кој ќе овозможат да има поадекватни податоци, а не податоци во 1997, за 94,за 95 и т.н.

Значи, само да сумирам, со оглед дека се расплинав малку, мислам дека член 5 треба да доживее по сериозна обработка во законот со оглед ека законот не е закон за Заводот аз статистика туку е закон за државната статистика каде што и член упатува на малку поширока дејност кај други органи и институции освен Заводот за статистика.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, мислев денес да не се јавувам за дискусија, меѓутоа малку иритирана од претходните дискутанти во делот на своите дискусии за да се зборува за еден закон како што е законот за државна статистика мора да се има одредено познавање од оваа дејност. Овој Предлог на закон фактички како иницијатива е за поздравување, со кој што ќе се регулираат општите принципи од обласа на државната статистика, како носител на дејноста Заводот за статистика е потребно со максимално брзи чекори да оди во процесот на трансформација на статистичкиот систем во обезбедување на точни и компарабилни податоци со податоците на развиените пазарно ориентирани земји.

Несомнено е дека успехот во трансформацијата на статистичкиот систем е тесно поврзан со трансформацијата на севкупниот економски систем во државата. државната статистика како стручна и независна дејност во подготовката на статистичките податоци ќе создаде основни услови за обезбедување споредливи податоци т.е. прилагодување на стандардите , нормативите, номенклатурите, класификациите кон општо прифатените членки на Обединетите нации, Европската унија и Советот на Европа.

IV/6.-

Бидејќи е ова прва фаза сепак би сакала да укажам на некои практични согледувања , се разбира стручни, кои во иднина би им биле од корист како на давателите исто така и на корисниците на податоците. За да нема произволни дефиниции, термини, изрази, називи предлагам во член 3 освен дадените дефиниции да се допрецизираат јасни, стручни дефиниции кои во иднина нема да бидат предмет на полемички расправи како на корисниците исто така и на давателите на податоците.

Постои впечаток дека во текстот на Предлогот за донесување на законот постои една неунифицирана терминологија за едно исто обележје и можеби затоа и претходните дискутанти и понатаму сите оние кои што ги користат податоците така и ќе се однесуваат. Само за пример идентификациони податоци се спомнуваат во член 35 , индивидуални податоци во член 36 и 37, лични податоци во член 38. Потоа, важечки стандарди во став 4 од член 26 , до единствени стандарди во член 18. Потоа, регистри и административни збирки на податоци во член 25, единствени идентификации на евиденции и регистри во член 19. Мислам дека спомнатите примери бараат точно дефинирање и тоа токму во член 3 за да можат поефикасно да се користат и понатаму употребуваат податоците.

Би сакала да кажам збор два за база на податоците. Во член 47 став 1 алинеја 2 се спомнува терминот база на податоци. Мислам дека и тој треба да се дефинира во член 3 бидејќи секој компјутерски центар може да се поврзе со меѓународни бази на податоци, а може да има и своја датотека. Затоа треба да се прецизирана што мисли предлагачот.

Во делот каде предлагачот зборува за чување на податоци, терминот подолго по мое лично убедување, а искуството каде што и

работам, дел од мојата дејност, мислам дека е потребно да се брише. Потребно е да се дефинира точно временскиот период, дали тоа ќе биде 5 години, 10 години, 15 години или до излегување на одреден статистички годишник, мислам дека тоа треба да се дефинира.

Потоа, во членовите 45 и 46 постои плеоназам на одделни термини Се спомнува официјални службени податоци, овластени носители на корисници. За ова, не би сакала да дадам свој коментар.

Во членот 18 предлагам став 2 и 3 да се бришат, а да се вметне нов став кој ќе гласи: "Единствените стандарди на државна статистика во РМ по предлог на Заводот за државна статистика ги утврдува Владата и донесува уредба". Образложението е следно: Стандардите кои ги опфаќаат класификациите и номенклатурите при реализацијата на статистичките истражувања сите субјекти треба своите обврски задолжително да ги исполнуваат со донесување уредба како едно повисоко ниво на задолжителни обврски на сите субјекти, подеднакво во државата.

Во членот 46 став 2, предлагам да се размисли дали во конечната верзија на законот потребно е да стои следното: "Буџетските корисници чија една од основните дејности е статистичка треба да бидат ослободени од трошоците за податоците за кои ќе треба и интерсекторско усогласување". Исто така би препорачала едно посебно поглавје во законот да ја обработи областа на евиденциите со што точно ќе се дефинираат видовите на евиденциите. Тоа е потребно во државата. како пример ќе постои можност да се донесат закони за евиденции во одредени области, да го насочам примерот од дејноста од каде што доаѓам, со донесување на еден нов закон за евиденција во областа на здравствената заштита, ќе се создаде солидна база за изготвување на информативен систем во РМ за да биде ефикасен,

интегриран за сите сегменти од здравствената заштита со што ќе се овозможи реално и континуирано информирање и донесување на навремени одлуки, како здравствени, исто така и економски, политички, а воедно и ќе се обезбедат услови за вклучување на РМ во меѓународните статистички интеграции.

Во здравствената дејност индикаторите за здравје ги води секоја членка на светска здравствена организација од Европа на ист начин. Потребно е да се вклучи и Македонија.

Исто така значајна новина во законот е и воведувањето институт во областа на статистиката, а тоа е Совет за статистика на РМ. Оваа новина е за поздравување бидејќи советот ќе биде советодавно тело за стратешки и развојни прашања во областа на државната статистика, а и треба да работи врз принципите на неутралнсот, објективност, стручност, независност во рамките на извршувањето на дејноста. Затоа предлагам во член 10 јасно да се дефинира кој го основа советот. Мислам дека треба да го основа Владата.

При набројување на членовите на советот во член 11 став 2 потребно е да се инкорпорираат и членови, претставници од општествените дејности поради адекватната застапеност на структурите и допринос мислам дека несомнено не е мал во државата.

Благодарам.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас сакам само накратко само неколку работи да кажам.

Прво, мислам дека е добро што се носи закон за државна статистика и сите сме убедени дека е тоа важна сфера во работата на државните органи и за севкупното општество. Исто така мислам дека концептот на законот е, во основа, заснован како што се вика тука на современите потреби на општеството и на корисниците на статистичките податоци.

Сакав да се изјаснам по две работи сега во оваа прва фаза што мислам дека има некое значење. Дали да биде Завод за статистика како институција или Агенција за статистички истражувања, мислам дека првиот термин е поадекватен и тоа од причини што тоа не е само институција за истражување, туку е некој вид банка на валидни податоци за општеството односно она што се смета за државни податоци.

Друго, сакав и јас да се вклучам во таа елаборација на ова што господинот Никола Поповски, се застапуваше оти и јас нека ми извине госпоѓа Малинска, не сум и јас стручен за тоа, но нешто ни е нејасно во членот 5 врзан со членот 8 и член 15 односно односот меѓу Заводот и овластените носители од кои некој се набројани, а некои не. Прво, мислам дека е ова следен принцип во законот. Ова е навистина закон за државната статистика, меѓутоа, главните задачи на државната статистика ги носи Заводот и според законот, бидејќи во членот 5 тоа е дефинирано.

Според тоа, сега останува, по мене, недоволно недефинирано односот меѓу Заводот и таканаречените овластени носители, односно други носители кои произлегуваат односно вршат истражувања во статистичката област во својата сфера. Каков е нивниот однос спрема

Заводот, за кои податоци се јавуваат и како извештајни единици ви за ви заводот оти не може да остане некој дел од статистичкиот материјал од државен карактер да остане раздвоен односно фрагментиран. Според тоа, се залагам, имаме време да размислиме за тоа, членот 5 и членот 8 каде се вика дека на овие овластени носители Заводот само им дава мислење или соработува да се каже поцврсто какви се меѓусебните обврски во прибирање на податоците и доставање во една заедничка банка на податоци каков што треба да биде Заводот за статистика. Мислам дека тоа може да остави празнина во натамошната работа и на овие овластени носители, а особено на Заводот. Еве, за тоа сакав да се заложам и јас, а мислам дека сите битни податоци треба да се соберат во Заводот за статистика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри да речеме фала богу што дојде една ваква материја за која треба да кажеме свој збор да или не, односно да насочиме нешто за да дојде до она крајно донесување на Законот.

Мислам дека економистите и правниците многу убаво знаат што значи оваа материја, овој закон, како основа за се друго ова е слика и ако така се однесуваме односно тие луѓе што работат, односно што ги обработуваат податоците, што ги прибираат и обработуваат и ги презентираат пред нас и општеството и пред меѓународните организации тоа е слика и прилика да се види каква е таа држава, каква е Македонија, каков е нејзиниот општествен производ, колку граѓани има, каков е националниот состав и тн.

V/3

Јас имав поставено едно прашање некаде 1990/91 година до Владата прашав од кога почна падот на општествениот производ во Република Македонија затоа што доаѓам од стопанството и токму имав сектор за економика, план и развој и едно одделение за статистика кое дава податоци секој месец за движење на стопанството, за движење на инвестициите. Знам дека има податоци, одговор не сум добил на таквото прашање. Тоа значи дека овие луѓе што се во статистиката односно оние што треба да го спроведат законот имаат голема одговорност или да го земеме предвид пописот што е направен. Иако овде сме договорени да одат попишувачи што му требало во моето место каде живеам има пописна комисија од четири други и едно девојче македонче, а не е член на пописната комисија. Немаше потреба. Јас го прашав дали е член рече не, туку онака да им правам друштво. Значи, сепак се прави нешто што не е во ред. Не се сомневам во обработката на податоците, меѓутоа, сепак има нешто ние мора да бидеме реални заради нашето идно планирање, за нашиот живот, каква ќе биде нашата политика за нашето живеење во наредната година, наредните пет години, наредните дваесет години. Има моменти каде луѓето се зачудуваат. Еве пред некој ден разговаравме на едно тело во УНПРЕДЕП кај најголемиот беше таму и колегата Стојановски за некои работи што се многу важни и тоа на службен ручек и таму сите тајни да се каже што е и како е во Македонија. Дали ќе има примарен одраз она што се случува во Белград, Софија, Тирана и овде, не нема да има, па еве има. Од друг карактер е, но сепак не може со сигурност да се гаранатира некоја работа.

Се согласувам со дискутантите што изнесоа свои забелешки не сакам лично да апострофирам што е што, би сакал оваа наново да се разгледа убаво затоа што ова мора да биде компатибилно на западната статистика, мора да биде така. Ако биде така ќе имаме точни податоци

за нашиот иден живот, развој, нашето образование и воспитание, колку школи треба некаде, знаете што мислам. Градба на политички фабрики, градба на политички патишта па како што имаме 123 општини сакам во мојата општина да направам се за да гласаат луѓето за мене, но незнам што можеме со 500, 1500, 2000 жители, но не е важно тоа е општина, но овој закон треба да не насочи кон донесување на други закони кои ќе бидат одраз на стварноста. Одраз на стварноста по мене е Законот за статистика односно податоците од нашиот поранешен Завод за статистика од тоа па одиме понатаму. Колку што знам јас нашиот Завод за статистика и порано од Бивша Југославија даваше податоци во Белград па од Белград до УНЕСКО, ООН што се работи во Југославија па заради тоа ова е многу сериозна работа. Мислам дека ова треба да се врати на комисии или да се гордееме еден ден со она што сме постигнале. Многу ми е мило што даваат податоци од делот на статистика дека има нормален пораст на нашиот бит, на нашето живеење, мислам на производството, услугите, многумина не ни веруваат особено од надвор мислат дека е некоја шпекулација, меѓутоа нека мисли кој како сака ние имаме стручна служба и таа што ќе ни каже тоа е.

Се надевам дека дискусиите ќе бидат земени во предвид, јас ги проучив сите членови овде има доста забелешки, нека останат како такви кај мене, но некои што кажаа треба да се земат во предвид јас се надевам дека Вие госпоѓа Светлана сте овде и министерот ќе имате во предвид ова да биде она што треба да биде и по пат да кажам нашата телевизија кога дава извештаи го фаќа овој ред вака СДС, јас немам ништо против, овој дел овде многу малку незнам што е, овие две преубави дами што ги имаме овде правата некоја ујдурма, незнам на што се однесува и зошто незнам, ова малку на шала кажано само директорот ќе добие писмо, но информирањето е многу важно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со самиот факт дека расправаме за еден закон кој е предложен врз основа на консултации, нормално и на закони на доста напредни држави со една демократска традиција верувам дека и самиот интерес на пратениците ќе придонесе со активно учество на крајот да имаме еден закон кој навистина ќе ги задоволува нашите потреби на нашето поднебје, па затоа сум на линија на сите тие пратеници кои инсистираат односно ги поддржувам тие што инсистираат Законот да се донесе само во две фази затоа што е наша потреба да имаме ваков закон.

За да придонесам би сакал само две-три интервенции во оваа фаза на донесуваше на законот да бидат допрецизирани. Да речеме во член 9 со Заводот раководи директор, а директорот има заменик,меѓутоа, потоа во самата алтернатива која се предлага стои дека член на Советот кој се формира во Собранието на Република Македонија е директорот на Заводот, а никаде не се прецизира дали и заменикот на директорот во исто време ќе биде и член на тој совет.

Уште една мала забелешка во членот 11 пишува дека Советот е составен од претседател и 9 члена што ги именува Собранието на Република Македонија. Јас мислам дека Собранието на Република Македонија не именува туку избира односно бира членови на Советот. Мислам дека тука треба една мала исправка веројатно тоа е добро за текстот кој ќе биде пак пред пратениците, а тоа што Советот се бира односно членовите на Советот се бираат во Собранието тоа е добро затоа што тоа е добра можност да има една структура било национална било од аспект на професионалност како членови на тој совет затоа што

ќе имаме можност односно ќе имаме ситуација каде ќе има повисок степен на доверба во самата институција односно во самиот Завод за статистика. Уште еднаш повторувам очекувам дека ќе имаме добар закон кој ни е и те како потребен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за државната статистика.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за развој.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

63 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Почитувани пратеници, сакам нешто да ве замолам, имено замолен сум од неколку фирми кои чекаат на судска заверка на програми- те, на договорите за приватизација да дадеме приоритет на автентичното толкување, една мала измена на редоследот на точките сега да ја гледаме точката 17 - Предлог на автентичното толкување и следното барање за автентично толкување па потоа да одиме на Законот

за имотите на црквите и последната точка за штедните влогови ако се согласувате? (Може)

Преминуваме на **<u>17-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог за автентично толкување на член 113 став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ("Службен весник на Република Македонија" број 38/93 и број 48/93).</u>

Предлогот на автентичното толкување Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкување.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на член 113 став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" број 38/93 и број 48/93) .

Преминуваме на **<u>18-та точка</u>** - <u>Барање за давање автентично толкување на членовите 17 став 2 и 25 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96) поднесено од Јавното претпријатие Македонски железници</u>.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето/за давање автентично толкување на членовите 17 став 2 и 25 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96), поднесено од Јавното претпријатие Македонски железници - Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до Јавното претпријатие Македонски железници - Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(79).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **19-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Болница за нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје.

Предлогот на одлуката, извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (78)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Болница за нервни и душевни болести "Бардовци Скопје.

Се враќаме на 16-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за враќање на имотите на Македонската православна црква.

Предлогот за донесување на законот, Мислењето на Владата и забелешките на пратениците Џеладин Мурати, Исмет Рамадани, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тантаров, предлагач на законот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани министри и почитувани пратеници по подолго време од нашата самостојност, еве даде господ на оваа седница да расправам и за проблемите на Македонската православна црква за кои до неодамна тешко се зборуваше. Ова за некои е чудно, меѓутоа е вистинито, што да правиме, тркалото се врти.

Како предлагач на овој закон за чија изработка му изразува посебна благодарност на преспанско - битолската епархија и стручните служби на Собранието на Република Македонија за потребата од донесување на овој закон ќе зборувам како пратеник и член од големата армија на верници што ја води поглаварот на МПЦ г-динот Михаил. Инаку пред да ја истакнам оправданоста од донесувањето на овој закон, сакам да ве известам дека г-дата пратеници, дека пратениците од Пратеничката група на ПДП г-динот д-р Џеладин Мурати и Исмет Рамадани поднесо барање со кое бараат, односно бараат во овој закон да биде внесено враќање на имотите и на исламската верска заедница и римокатоличката црква на Македонија. Овој предлог како предлагач на законот го прифаќам и мислам дека е оправдан. Значи ако предлогот за враќање на имотот на МПЦ биде прифатен од страна на Собранието тоа да важи и за Исламската верска заедница и за Римокатоличката црква.

Г-да пратеници Вие добро знаете дека во изминативе 250 години Македонија и нејзината православна црква мина низ многу страдани и премрежја. Македонија векот што си оди ќе го памети по две катастрофи. Прво, поделбите на нејзините територии што ги из вршија нејзините соседи и селидбата на Македонците од слободниот дел на Македонија и од Пиринска и Егејска Македонија. За причините на таа селидба ќе зборувам во некоја друга пригода. Нашата црква овие два ипол века ќе

ги памети по две работи. Прво по укинувањето на нејзината Охридска архиепископија и по одземањето на нејзиниот имот од страна на Бившиот систем се со една цел за побрзо градење на социјализмот и уништување на нашата црква како еден од најголемиот непријател на тогашните идеолози на овој систем. Се поставува прашање има ли надежи и шанси за исправување на овие неправди. Г-да пратеници мора да има. Света обврска е на секој македонец да се надева дека тие неправди ќе се отстранат. Поглаварот на нашата црква г-дин Михаил Вели дека господ е силен и како што е господ нема никој друг. Со господ напред и државата и нејзината црква како така ќе стигнат до правдата за враќање на се она што му е грабнато. Македонското не може да биде ничије друг а црквеното било црквено и пак ќе биде црквено. Некој ќе праша како, по кои патишта да се дојде до правдата што одамна е длабоко всадена во душата на македонецот и тој македонецот најмногу ја мрази неправ- дата, посебно неправдата што соседите му ги направија на неговата држава, а стариот систем на народот и неговата црква. Патиштата до правдата на овој план се и не се тешки. Патиштата за правдата по кои на МПЦ треба да му се врати од земениот имот се чисти и јасни. Решението на овој проблем се наоѓа во рацете на пратениците. Ние народните пратеници треба да кажеме како и на кој начин ќе ги исправиме неправдите што на МПЦ и се нанесени во 45 и 48 година. Имотот на МПЦ е одземен со јас би рекол ненароден закон и треба да се врати со закон што ќе го донесеме ние пратениците. Значи, честа за исправување на оваа неправда спрема МПЦ г-да пратеници ни припадна на нас.

Мојот предлог за враќање на имотот на МПЦ во јавноста предизвика разни коментари. Јас овде од прилика нема да ги коментирам тие коментари, туку сакам да ги коментирам само коментарите во кои се вели дека имотот на МПЦ таа црква го има грабнато од некого

и дека сега не треба да и се врати и што е најважно дека нашава црква не располага со никакви тапии за овој имот. Затоа што во 1945 и 1948 година со овие имоти владееше ќерката на нашата црква, знаете кој е, мислам. Го-да пратеници имотот што треба да и се врати на наша црква одамнина е нејзин имот и таа од никого не го има грабнато. Може ли некој да каже каде и од кого е грабната некоја црква, манастир, црква или на манастир, градини, шуми, пасишта, икони, и какво не друго црквено благо. На кого му е грабнат било каков имот од страна на црквата? На никого. Срамни се г-до таквите клевети спрема нашава црква. Јас во името на МПЦ и нејзините верници денес морам да ја повторам старата вистина како и на кој начин нашата црква доаѓаше и натаму доаѓа до својот имот. Господо МПЦ своите имоти ги има добиено од своите верници. Кој друг г-да дава цркви и манастири. МПЦ своето земјиште шуми пасишта куќи дуќи и разни други објекти ги има добиено од разни донации и подароци од нејзините верници. И на крајот МПЦ својот имот го има добиено и од марките на старите македонци за заштита на своите средини од влегување на луѓе со туѓи вери и нации во тие средини. Мислам дека горе долу знаете како и на кој начин е спроведуваа оваа мерка одамнина. А не како денес некои нашинци што одамна замиваа на гурбет и денес спијат на тешки милиони долари ги продаваат имотите во својот роден крај на кого ќе стигнат. Нека им е на чест. Господо пратеници така и на тој начин нашава црква го има добиено својот имот. Инаку, колку од тие одземени 100 илјади хектари од земјиште, шуми пасишта со закони се на МПЦ ќе каже светиот Синод кој одамна ги прибира податоците за одземениот имот на Црквата. Тапии е што долго време се чуваат наскоро ќе бидат отворени. И нешто друго со одземениот имот на Црквата денес стопанисуваат државните претпријатија. Во приватна сопственост скоро и да нема црковен имот. А и ако го има нашата црква ќе каже дали тој имот ќе го бара да и се врати или не, никој

друг а во МПЦ постои расположение доколку дојде до враќање на имотите таа да му ги отстапи на оние посиромашни селани и граѓани. Меѓутоа, таа, а не државата. На почетокот од моето излагање за оправданоста од враќање на одземениот имот истакнав дека со законот за денационализација не се предвидува враќање на имотот на црквата. Оваа беше само една од причините што беа повод за предлагање на овој закон. Другите причини имаат длабоки верски чувства. Даровите од граѓаните и селаните на црквата се давани за божја милост за разни човечки судбини. Денес кога во Македонија се води битка за приватизација кога општествениот имот во чии раце се наоѓа и одземениот имот на црквата преминува во рацете на нови газди не треба да се дозволи даровите на црквата да бидат предмет за создавање на приватен капитал. Мислам дека нема поголем грев кон оние што на својата"црква и дале разни дарови за некаква си милост за своите човечки судбини од гревот ако овие дарови од разни имоти .не им се вратат на црквата за да служат за тоа што се подарени. Господа пратеници МПЦ оддамнина позната и призната како средина и центар и вода на духовниот, просветниот и културниот живот на Македонецот во изминатиов период успешно му одолеа на сите неправди и сопки за уништување што доаѓа и од надвор и од внатре. Во времето на големото невреме за црквата нашава црква успеа да си отвори свое училиште, свој факултет, успеа да стане самостојна и успеа да си ја обнови својата архиепископија. Наскоро нашата црква треба да слави два големи јубилеи. Еден јубилеј е јубилејот 30 години од враќањето на својат архиепископија и вториот е величествената прослава на 2000 години од раѓањето на Христос. Нашата црква очекува денес уште еден нејзин сон да стане стварност, да и се врати одземениот имот, црквеното како што вели дедо Михаил да биде црквено.

VI/6.-

Во изминативе денови по моето барање за враќање на имотот на црквата се водеа расправи во повеќе комисии во Собранието на Република Македонија. Сите пратеници дадоа поддршка на предлогот за враќање на имотите на МПЦ, Исламската верска заедница и Римокатоличката црква во Македонија. Користам прилика да им се заблагодарам на сите пратеници за ваквата поддршка.

Господа пратеници, причините што мене ме натераа да го поднесам овој предлог за донесување на закон за враќање на имотот на МПЦ сега и Исламската верска заедница и другите верски заедници како што е познато минатата година во Собранието на Република Македонија беше отворена постапката за донесување на закон за денационализација, односно би рекол закон за лечење на раните што им се нанесени на граѓаните, на црквата со законот за аграрни реформи и законот за национализација и другите присутни закони. Меѓутоа незнам од кои причини во овој предлог за донесување на ракон за денационализација не се предлага и враќање на имотите на МПЦ. Навистина чудно. Во 1946 година и 1948 година кога се одземаа имотите на граѓаните и селаните, се одзеде имотот на нашата црква. Зошто дојде до тоа незнам. Но знам само тоа дека ако со тие закони во тоа време се одземаа имотите и на граѓаните и на црквата, мислам дека со законот за денационализација треба да се врати имотот на нашава црква.

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што во последниве десетина дена Владата на Република Македонија на големо ветува дека до крајот на овој месец пред Собранието на Република Македонија по втор пат ќе се најде на дневен ред законот за денационализација. Како предлагач на Предлогот за донесување на закон за враќање на имотот на МПЦ сега и другите верски заедници, предлагам наместо да носиме два закони за исправување на големите неправди од аграрната реформа

национализацијата и другите присутни закони, враќањето на имотот на МПЦ и другите верски заедници да биде во рамките на законот за денационализација. Овој закон да важи и за МПЦ и другите верски заедници. Како што ќе се враќаат имотите на сите оштетени лица, така да се враќа имотот и на МПЦ и другите верски заедници што делуваат во нашава држава. Предлагам наместо да се води расправа по Предлогот за донесување на закон за враќање на имотот на нашава црква и другите верски заедници, бидејќи не верувам дека има некои од пратениците што се против враќањето на имотите на нашава црква и другите верски заедници, Собранието на Република Македонија да не расправа по овој предлог за донесување на закон, туку да донесе заклучок со кој што Владата ќе биде обврзана враќањето на имотот на МПЦ и другите верски заедници да биде во рамките на законот за денационализација. Сметам дека со тоа ќе се оди малку и понапред во исправањето на неправдата кон нашава црква и другите верски заедници.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Законот е повлечен. Јас предлагам ние да поминеме на следната точка, а да се формулира заклучок од страна на пратеникот Тантаров и по него да одлучува Собранието. Јас молам да се формулира заклучокот и да се подели на пратениците. Меѓутоа е беспредметно со оглед на тоа дека е повлечен законот да барате збор. Вие го повлековте законот. Сега е беспредметно да се расправа, немаме точка за тоа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас не реков дека го повлекувам законот. Јас реков дека наместо да се води расправа по Предлогот за

донесување на законот за враќање на имотот на МПЦ, ние денес да донесеме заклучок со кој што враќањето на имотот на МПЦ и другите верски заедници во Македонија ќе биде вклопен во законот за денационализација. Мислам дека сум јасен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Значи дека законот не се повлекува, имаме точка на дневен ред.

(Сите пратеници зборуваат на глас).

Законот се повлекува.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ако е повлечен нема точка на дневен ред, нема заклучок. Немаме точка на дневен ред, законот се повлекува.

Заклучокот може да биде предложен во некоја друга фома на наредна седница на Собрание. Очигледно дека има расположение да се прифати, но бидејќи се повлекува законот беспредметно е ние сега по повлечена точка да носиме заклучок.

Ве молам, повторно предлагачот да ни дообјасни. Се наоѓаме во една деликатна ситуација.

Објавувам пауза од 5 минути заради консултации.

(Седницата продолжи во 14,05 часот).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Тантаров, предлагач на законот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Предлагам да се одложи расправата по овој закон од денешната седница на Собранието на Република Македонија и на Собранието на Република Македонија му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прашањето во врска со враќањето на имотите на македонската православна црква и другите верски заедници да се регулира со Законот за денационализација што е во собраниска процедура.

(реагирање на пратениците - значи законот го повлекува).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Не, не, го повлекува.

Заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(реагирање на пратениците, бараат процедурално ....)

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Ова е чисто процедурално. Ако предлагачот, како што рече, предлага да се одложи оваа расправа, тогаш нема потреба за било каков заклучок да зборуваме. Таа расправа, треба да се одложи за наредната седница и после таа расправа да предложи заклучи. Инаку нема никаква логика и треба јасно и гласно да каже што предлага. Ако предлага одлагање за идната седница, а не заклучоци.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Не, предлага одлагање за идната седница и деловнички одложувањето го врзува со одреден заклучок. Јас заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против заклучокот?

2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласаше?

8 пратеника се воздржуваат.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 20** - Информација за досега преземените мерки, како и мерки и активности кај Владата на Република Македонија намерава да ги превземе за сите досегашни случаи на масовна измама и грабеж на граѓаните, а под форма на штедење.

Информацијата на Владата за досега превземените и планирани мерки и активности во врска со случувањата во одделни предилници и претпријатија кои под различни форми прибираат средства од граѓаните ви е поделена.

Исто така, поделени ви се информациите на: Јавното обвинителство на Македонија за актуелните по;]ави на измама извршени од страна на сопственици на штедилници и претпријатија кои вршеле менувачки работи, Информацијата на Народната банка на Република Македонија за настанувањето на проблемите од областа на работењето на штедилницата Алфа-S АД-Скопје и "Лавци"-ПО-Охрид.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед дека ние како точка ја утврдивме на дневен ред предлагам да ја прекинеме тука седницата, а оваа точка како продолжение на оваа седница да ја расправаме пред почетокот на шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија од следните причини.

Материјалот односно информациите од Народната банка на Македонија и од Владата ги добивме непосредно пред седницата на Собранието, а тоа е доста обемен материјал, така да верувам дека ќе се согласите дека немавме време да го проучиме односно да го прочитаме материјалот. Тогаш би се свела денешната дискусија без да видиме што по овој проблем кажува Народната банка и Владата на Република Македонија.

Втората причина е што еден вака обемен, еден вака сложен и важен материјал, мислам дека е неопходно претходно да биде гледан на работните тела. Конкретно ]ас во име на Комисијата за финансирање и буџет, како матична комисија по оваа проблематика би било добро и целисходно овој материјал претходно да биде даден временски простор да може да го гледа и Комисијата за финансирање и буџет како матична комисија и да даде извештај во врска со овој материјал.

Значи предлагам тука да ја прекинеме седницата и да продолжиме пред Шеесет и првата седница.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Предлогот го ставам на гласање?

Молам кој е за, да крене рака.

(пратениците креваат рака)